Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 388//0306
26.11 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавна седница одржана на 21.11.2025 година, врз основа на примена жалба од **Данела Арсовска,** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Околу 20 милиони евра Данела и нејзините исплатиле на луѓе кои не работеле! Околу 500 лица ќе враќаат пари“**, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Вечер.мк (vecer.mk) на 08.11.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката до СЕММ, во својство на граѓанин, преку овластен адвокат на 10.11.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „Околу 20 милиони евра Данела и нејзините исплатиле на луѓе кои не работеле! Околу 500 лица ќе враќаат пари“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Вечер.мк (vecer.mk) на 08.11.2025 г., при што се жали на „неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислења, вест и коментар, пристрасност и неурамнотежженост во информирањето, презумпција на невиност и заштита на сведоци и нарушување на приватноста“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека „со овој наслов и содржина, медиумот свесно и намерно ја доведува јавноста во заблуда и создава неточен и лажен впечаток дека г-ѓа Данела Арсовска лично: вработувала лица во јавните претпријатија, одлучувала кои лица ќе примаат плата, учествувала во наводни незаконски исплати и била запознаена со присуството/непристуството на вработени на работа“.

Жалителката додадав дека „медиумот не побара став или одговор пред објавување на тврдењата, ниту објавил демант до испраќањето на жалбата.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Околу 20 милиони евра Данела и нејзините исплатиле на луѓе кои не работеле! Околу 500 лица ќе враќаат пари“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Вечер.мк (vecer.mk) на 08.11.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1 и 3 од Кодексот на новинарите на Македонија, како и дел од Насоките за етичко однесување на онлајн медиумите усвоени од СЕММ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст од јавен интерес, во кој се информира за состојбата со јавните претпријатија под надлежност на Град Скопје, преку пренесување изјава на новиот градоначалник Орце Ѓорѓиевски.

Комисијата сепак утврди дека јавниот интерес не е доволен изговор за пласирање непроверени, или манипулативни тврдења од медиумот кој во текстот (што жанровски класифициран е вест), не ги испочитувал ниту професионалните, ниту етичките правила зацртани во Кодексот на новинарите на Македонија, надополнети со Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, усвоени од СЕММ.

Непроверените и манипулативните елементи во текстот започнуваат уште со насловот. Иако во изјавата на новиот градоначалник што се пренесува во текстот, никаде не се споменува името на неговата претходничка Данела Арсовска, медиумот сепак ја посочува, со што прејудицира дека таквата лоша состојба за која говори нејзиниот наследник е дело и на Арсовска: „Околу 20 милиони евра Данела и нејзините исплатиле на луѓе кои не работеле!“, наведува медиумот уште во првиот дел од насловот.

Медиумот оди подалеку, па тврди дека „околу 500 лица ќе враќаат пари“. И тоа е очигледна манипулација. Во текстот никаде не се споменува такво нешто, ниту пак градоначалникот го спомнал тоа.

Во самиот текст медиумот пишува дека градоначалникот **„**најавил дека ќе бара одговорност од сите што потпишувале документи и одобрувале вакви вработувања, истакнувајќи дека сите имиња ќе бидат јавно објавени“**.** Во текстот не е појаснето и не може да се прочита ниту збор за некакво враќање пари, па оттука, манипулативниот и наведувачки наслов е повеќе од очигледен.

Иако станува збор за вест во која се пренесува изјава, медиумите имаат и професионална и етичка одговорност да се придржуваат и кон основите на новинарството и кон етиката во професијата. Тоа подразбира дека текстот мора да содржи информации што се точно и целосно пренесени, да го назначи изворот на информацијата и контекстот, како и да направи напор да ги провери таквите тврдења. Медиумот не направил ништо од ова, ниту се потрудил да се посомнева и да постави прашање за утврдување на надлежностите и законските основи и за тоа како е утврдена и спроведена целата постапка, а не се потрудил ниту да побара втора страна, макар од лицето кое директно го споменува во насловот во негативен контекст. Сето ова е регулирано уште во првиот член од Кодексот на новинарите и со него поврзаните одредби од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите на СЕММ.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Покрај ова, медиумот прекршил и уште едно, многу важно професионално и етичко правило – не и дал шанса на засегнатата страна да се произнесе макар преку демант, што е од клучна важност за довербата на јавноста кон медиумите, бидејќи во суштина е втора шанса да се слушне ставот на „другата страна“. Ова е во крајна линија и универзално право кое е составен дел од слободата на говор, зацртано и во меѓународните документи што се дел од македонскиот правен систем, но и во Уставот како највисок акт што ги регулира односите на сите чинители во општеството, вклучувајќи ги правата и обврските и на медиумите и на граѓаните.

Имено, иако демантот е доставен еден ден по објавата на текстот, медиумот не го објавил. Со ова е направена уште една повреда на Кодексот на новинарите, и непочитување на Насоките поврзани со неговото спроведување во онлајн просторот.

Од тука, Комисијата сметаше дека се прекршени членовите 1 и 3 од Кодексот на новинарите на Македонија и дел од соодветните Насоки за етичко известување на онлајн медиумите на СЕММ:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 3**

Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595